Врз основа на член 27 од Статутот на МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД Прилеп, Годишното Собрание на Друштвото, на седницата одржана на 16 април 2019 година, ја донесе следната:

**П Р Е Д Л О Г   О Д Л У К А**
**За распределување на добивката од 2018 година**

**Член 1**

Добивката од 2018 година во износ од 1.403.557.613,00 Денари (Евра 22.817.952,00) се распределува во бруто дивиденда за обични акции.

Износот на бруто дивиденда за 1 (една) обична акција изнесува 4,869 ЕУР (1EUR=61,50 Денари).

**Член 2**

Средствата за дивиденда за обични акции да се распределат во пари.

**Член 3**

Последен ден за тргување со право на дивиденда е 24.04.2019 година.

Прв ден на тргување без право на дивиденда е 25.04.2019 година.

Датумот на евиденција според кој се определува листата на акционери кои имаат право на дивиденда е 30.04.2019 година.

Исплатата на дивидендата ќе започне на 02.05.2019 година и ќе се изврши согласно позитивните законски прописи.

**Член 4**

Делот од реинвестираната добивка во износ од 253.579.116,00 денари кој не беше искористен во 2018 година се пренесува во акумулирана добивка.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Претседавач на Собрание**

____________________